

# Упатство за ажурирање податоци со OneID електронска идентификација

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата

# Вовед

Стопанска банка АД - Скопје на своите клиенти им овозможи нов начин за ажурирање на личните податоци преку електронската идентификација таканаречена OneID.

На овој начин се обезбедува уште еден канал, односно дополнителна можност клиентот да изврши самостојно ажурирање на клиентските податоци евидентирани во Банката без посета на филијала или овластен посредник за потврда на идентификацијата (нотар/амбасада и сл.) во случај на замена на документот за идентификација.

Оваа функционалност е наменета за сите полнолетни клиенти над 18 год., резиденти на МК и корисници на OneID апликација за електронска идентификација. За клиенти кои се изјасниле како политички поврзани лица, Банката дополнително прави проверка на Барањето за ажурирање на клиентските податоци.

Сите информации поврзани со OneID електронската идентификација во Стопанска банка, можете да ги погледнете на нашата веб-страница, во делот за Дигитално банкарство.



# Опис на постапката

За да започнете со постапката на онлајн ажурирање, потребно е да ја имате преземено OneID мобилната апликација на Вашиот мобилен уред и да имате креирано свој профил за нејзино користење. За повеќе инфо за начинот на активирање посетете го линкот OneID - За корисници.

**1.** Пристапете на веб-страницата на Банката во делот за Дигитално банкарство на линкот id.stb.com.mk и најавете се користејќи ги Вашето корисничко име за OneID, односно e-mail и лозинката.



**2.** Одобрете го Барањето за најава што ќе го добиете на Вашиот мобилен телефон.




**3.** Одберете ја опцијата „Преземи податоци“. На овој начин започнува постапката за преземање на Вашите податоци од електронската идентификација.






# 4.

На вашиот телефонски уред ќе добиете известување со кое се бара да го потврдите Барањето за идентификација. Изберете ја опцијата „Одобри“.

# 5.

Потврдете ги потребните изјави и продолжете понатаму со одбирање на полето „Продолжи“.



# 6.

На Вашиот екран ќе се отвори формулар за потврда на Вашите податоци преземени од електронската идентификација и регистрираните податоци во Банката. Проверете ги податоците и доколку има потреба, изменете ги, а потоа одберете ја опцијата „Оди кон потпишување”.



7. Прегледајте ја апликацијата и доколку има потреба за дополнителна корекција, можете да се вратите со опцијата „Промени податоци“. Доколку е во ред, изберете ја опцијата „Потпиши со OneID“.




8. На вашиот екран ќе се појави известување со инструкции за постапување на Вашиот мобилен уред, каде што ќе добиете „Барање за потпис на далечина“.



**9.** Одобрете го барањето добиено на Вашиот мобилен уред со избирање на опцијата „Одобри“.




**10.** Постапката за ажурирање е успешно спроведена од Ваша страна, а со притискање на копчето „Провери статус“ можете да го проверите статусот на апликацијата за ажурирање на Вашите податоци во Стопанска банка АД - Скопје.



# 11. Со притискање на копчето „Преземи“ можете да ја преземете поднесената апликација.

